# ОДЛУКА

За усвојување на Годишната сметка и Годишните финансиски извештаи на Стопанска Банка АД Скопје за годината која завршува на 31 Декември 2021

Скопје, Мај 2022 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска Банка Ад - Скопје (С.О. бр.399/04.03.2021 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска Банка АД - Скопје, на седницата одржана на 31.05.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
за усвојување на Годишната сметка и Годишните финансиски извештаи на Стопанска Банка АД – Скопје за годината која завршува на 31 Декември 2021

1. Годишната сметка и Годишните Финансиски извештаи (Биланс на состојба и Биланс на успех) на Стопанска Банка АД – Скопје за 2021 година, се усвојуваат како што следува:

| | (во 000 денари) |
|---|---|
| - Вкупно средства | 114.102.699 |
| - Вкупно обврски и капитал | 114.102.699 |
| - Вкупно приходи | 6.126.411 |
| - Вкупно расходи | 3.397.578 |
| - Добивка пред оданочување | 2.728.833 |

2. Се утврдува следната структура на вкупните средства и вкупните обврски и капитал, со состојба на 31.12.2021 година:

| **СРЕДСТВА** | (во 000 денари) |
|---|---|
| - Парични средства и парични еквиваленти | 20.867.797 |
| - Средства за тргување | 1.999 |
| - Кредити на и побарувања од банки | 278.118 |
| - Кредити на и побарувања од други комитенти | 78.037.088 |
| - Вложувања во хартии од вредност | 12.297.667 |
| - Нематеријални средства | 111.435 |
| - Недвижности и опрема | 819.129 |
| - Останати побарувања | 1.689.466 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **114.102.699** |
| **ОБВРСКИ И КАПИТАЛ** | |
| - Депозити на банки | 1.425.335 |
| - Депозити на други комитенти | 89.673.439 |
| - Обврски по кредити | 1.686.298 |
| - Останати обврски | 1.525.288 |
| **Вкупно обврски** | **94.310.360** |
| - Основачки капитал | 3.511.242 |
| - Резерви | 944.205 |
| - Задржана добивка | 15.336.892 |
| **Вкупно капитал** | **19.792.339** |
| ВКУПНО ОБВРСКИ И КАПИТАЛ | 114.102.699 |

3. Врз основа на податоците од точка 1 на оваа одлука структурата на остварените вкупни приходи и расходи е следна:

| | (во 000 денари) |
|---|---:|
| **А. ВКУПНО ПРИХОДИ** | **6.126.411** |
| - Приходи од камата | 4.113.872 |
| - Приходи од провизии и надомести | 1.439.240 |
| - Нето приходи/(расходи) од курсни разлики | 110.078 |
| - Останати приходи | 463.221 |
| **Б. ВКУПНО РАСХОДИ** | **3.397.578** |
| - Расходи од камати | 269.831 |
| - Расходи од провизии и надомести | 607.750 |
| - Нето загуба од тргување | 696 |
| - Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето основа | 772.417 |
| - Трошоци за вработените | 890.490 |
| - Останати расходи | 856.394 |

4. Остварената добивка пред оданочување во 2021 година се утврдува во износ од 2.728.833 иљјади денари.

Остварената добивка се распоредува за:

| | (во 000 денари) |
|---|---:|
| - Данок од добивка | 262.877 |
| - Нераспределена добивка | 2.465.956 |

5. Нераспределената добивка ќе биде распределена со посебна Одлука за распределба на добивката за 2021 година.

6. Образецот Биланс на состојба и Биланс на успех за 2021 година е составен дел на оваа одлука.

7. Оваа одлука влегува на сила на денот на донесувањето.

С.О. бр.
31.05.2022 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Финансиските извештаи на Стопанска Банка АД – Скопје за 2021 година се составени согласно Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи (во понатамошниот текст "Методологија"), пропишана од страна на Народна банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст("НБ") и која е во примена од 2018 година.

Структурата на средствата и обврските и капиталот, како и на приходите и расходите е следната:

## I. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Вкупните средства на ниво на Банката изнесуваат 114.102.699 илјади денари.

Според учеството на поодделни категории во вкупните средства, состојбите се следни:

| | % |
|---|---|
| - Парични средства и парични еквиваленти | 18,28 |
| - Средства за тргување | 0,01 |
| - Кредити на и побарувања од банки | 0,24 |
| - Кредити на и побарувања од други комитенти | 68,39 |
| - Вложувања во хартии од вредност | 10,78 |
| - Нематеријални средства | 0,10 |
| - Недвижности и опрема | 0,72 |
| - Останати побарувања | 1,48 |

Структурата на обврските и капиталот, според висината на учеството на поодделните категории е следната:

| | % |
|---|---|
| - Депозити на банки | 1,25 |
| - Депозити на други комитенти | 78,58 |
| - Обврски по кредити | 1,48 |
| - Останати обврски | 1,34 |
| - Основачки капитал | 3,08 |
| - Резерви | 0,83 |
| - Задржана добивка | 13,44 |

Иницијално запишаниот акционерскиот капитал на Банката на 31.12.2021 година, без земање во предвид на задржаната (акумулиран кумулативна) добивка и добивката остварена за 2021 година, изнесува 3.511.242 илјади денари.

## II. БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

Во деловната 2021 година остварени се вкупни приходи во износ од 6.126.411 илјади денари и вкупни расходи од 3.397.578 илјади денари, со што е остварена добивка пред оданочување од 2.728.833 илјади денари.

### Вкупни приходи

Во структурата на вкупните приходи учеството на поделните категории приходи е следно:

| | % |
|---|---|
| - Приходи од камата | 67,15 |
| - Приходи од провизии и надомести | 23,49 |
| - Нето приходи/(расходи) од курсни разлики | 1,80 |
| - Останати приходи | 7,56 |

### Вкупни расходи

Во структурата на вкупните расходи учеството на поделните категории расходи е следна:

| | % |
|---|---|
| - Расходи од камати | 7,94 |
| - Расходи од провизии и надомести | 17,89 |
| - Нето загуба од тргување | 0,02 |
| - Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето основа | 22,73 |
| - Трошоци за вработените | 26,21 |
| - Останати расходи | 25,21 |

### Добивка и распределба на добивката

Во деловната 2021 година, Банката оствари добивка пред оданочување во износ од 2.728.833 илјади денари.

Согласно законската регулатива од добивката пред оданочување извршена е пресметка на данок од добивка во износ од 262.877 илјади денари по што останува нераспределена добивка во износ од 2.465.956 илјади денари, која ќе се распредели со посебна Одлука за распределба на добивката за 2021 година.

Имајќи го предвид даденото образложение предлагаме Собранието на акционери да ја усвои приложената Одлука.

Скопје, Мај, 2022 Надзорен одбор

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**На ден 31 декември 2021**

| | (Во илјади денари) 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 20.867.797 | 17.376.605 |
| Средства за тргување | 1.999 | 2.698 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање | - | - |
| Дериватни средства чувани за управување со ризик | - | - |
| Кредити на и побарувања од банки | 278.118 | 224.193 |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 78.037.088 | 70.999.971 |
| Вложувања во хартии од вредност | 12.297.667 | 14.713.650 |
| Вложувања во придружени друштва | - | - |
| Побарувања за данок на добивка (тековен) | - | 63.912 |
| Останати побарувања | 1.562.418 | 1.483.331 |
| Заложени средства | - | - |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 127.048 | 185.848 |
| Нематеријални средства | 111.435 | 127.670 |
| Недвижности и опрема | 819.129 | 828.914 |
| Одложени даночни средства | - | - |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | - | - |
| **Вкупно средства** | **114.102.699** | **106.006.792** |
| | | |
| **ОБВРСКИ** | | |
| Обврски за тргување | - | - |
| Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање | - | - |
| Дериватни обврски чувани за управување со ризик | - | - |
| Депозити на банките | 1.425.335 | 237.804 |
| Депозити на други комитенти | 89.673.439 | 86.622.677 |
| Издадени должнички хартии од вредност | - | - |
| Обврски по кредити | 1.686.298 | 529.540 |
| Субординирани обврски | - | - |
| Посебна резерва и резервирања | 107.431 | 97.627 |
| Обврски за данок на добивка (тековен) | 72.595 | - |
| Одложени даночни обврски | - | - |
| Останати обврски | 1.345.262 | 1.139.739 |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | - | - |
| **Вкупно обврски** | **94.310.360** | **88.627.387** |
| | | |
| **КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | | |
| Запишан капитал | 3.511.242 | 3.511.242 |
| Премии од акции | - | - |
| Сопствени акции | - | - |
| Други сопственички инструменти | - | - |
| Ревалоризациски резерви | 112.832 | 165.854 |
| Останати резерви | 831.373 | 831.373 |
| Задржана добивка | 15.336.892 | 12.870.936 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **19.792.339** | **17.379.405** |
| **Вкупно обврски и капитал и резерви** | **114.102.699** | **106.006.792** |
| | | |
| Потенцијални обврски | 17.537.281 | 15.673.466 |
| Потенцијални средства | - | - |

**БИЛАНС НА УСПЕХ**
**за периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година**

| | (Во илјади денари) 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Приходи од камата | 4.113.872 | 4.136.546 |
| Расходи за камата | (269.831) | (419.849) |
| **Нето-приходи/(расходи) од камата** | **3.844.041** | **3.716.697** |
| Приходи од провизии и надомести | 1.439.240 | 1.219.782 |
| Расходи за провизии и надомести | (607.750) | (481.156) |
| **Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести** | **831.490** | **738.626** |
| Нето-приходи од тргување | (696) | (1.077) |
| Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност | - | - |
| Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики | 110.078 | 101.630 |
| Останати приходи од дејноста | 463.221 | 354.268 |
| Удел во добивката на придружените друштва | - | - |
| Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа | (772.417) | (962.719) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | 65.774 | (2.997) |
| Трошоци за вработените | (890.490) | (871.309) |
| Амортизација | (123.372) | (131.500) |
| Останати расходи од дејноста | (798.796) | (764.162) |
| Удел во загубата на придружените друштва | - | - |
| **Добивка пред оданочување** | **2.728.833** | **2.177.457** |
| **Данок на добивка** | **(262.877)** | **(197.605)** |
| **Добивка за финансиската година** | **2.465.956** | **1.979.852** |
| **Заработка по акција** | | |
| Основна заработка по акција (во денари) | 141,23 | 113,40 |
| Разводнета заработка по акција (во денари) | 141,23 | 113,40 |